**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
www.mrt.com.mk

---

Врз основа на член 130 став 6 и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Сл. весник на РМ бр. 184/2013, 13/2014, 44/2014, 101/2014, 132/2014, 142/2016, 132/2017, 247/18, 27/19 и Сл. весник на РСМ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25) и член 62 од Статутот на ЈРП МРТ со бр. 01-1414/2 од 05.03.2026 година, Програмскиот совет на МРТ распишува

**ЈАВЕН КОНКУРС**
**за избор на Директор на МРТ и**
**Заменик на директорот на МРТ**

Се распишува Конкурс за избор на Директор на МРТ и за Заменик на директорот на МРТ, според условите и постапката утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Статутот на ЈРП МРТ.

**I.** Директорот и Заменикот на директорот се избираат за период од три години со можност за повторен последователен избор.

**II.** Кандидатите кои ќе се пријават треба да ги исполнуваат следниве услови:

- да имаат високо образование,
- да поднесат Програма за работа на МРТ за период од три години,
- да имаат работно искуство од најмалку осум години во областа на комуникологијата, новинарството, информатиката, културата, економијата или правото,
- да имаат искуство со раководење организација од најмалку четири години.

**III.** Кандидатите на јавниот конкурс со пријавата треба да достават:

- Програма за работа на МРТ за период од три години,
- Диплома за завршено високо образование,
- Кратка биографија (CV),
- Потврда за најмалку осум години искуство од областа на комуникологијата, новинарството, информатиката, културата, економијата или правото,
- Потврда за искуство со раководење организација од најмалку четири години.

**IV.** Кандидатите на Јавниот конкурс кон пријавата ги приложуваат соодветните докази за исполнување на условите во посебен коверт (Коверт 1), на кој е наведена шифра избрана од кандидатот.
Програмата за работа за мандатниот период за кој се конкурира се доставува во одделен коверт (Коверт 2), означен со истата шифра и со назнака Програма, без други податоци што овозможуваат идентификација на кандидатот.
Двата коверти се ставаат во еден надворешен коверт (А3 формат), со назнака: „За конкурс за Директор на МРТ“ односно „За конкурс за Заменик на Директорот на МРТ“.

**V.** Кандидатите на јавниот конкурс, кон документите од точка IV, доставуваат и: Нотарски заверена изјава, под морална, кривична и материјална одговорност, дека доколку бидат избрани за Директор, односно Заменик на директорот на МРТ, ќе постапуваат во согласност со член 30 од Статутот на МРТ, односно ќе се откажат од сопственост, косопственост, управување или советување во медиумски, маркетинг, ПР или продукциски правни лица, од секој директен или индиректен финансиски интерес во правни лица кои имаат договорен однос со МРТ, како и од вршење на друга јавна или приватна функција неспоива со независноста на јавниот радиодифузен сервис, и дека се согласни да ја надоместат секоја штета што би произлегла од непочитување на дадената изјава.

**VI.** При разгледувањето на пријавите ќе се земат предвид само навремени и комплетни пријави со документи доставени во оригинал или во копија заверена на нотар.

**VII.** Неизборот на кандидат за едната позиција по Јавниот конкурс не ја доведува во прашање законитоста и легитимноста на изборот за другата позиција.

**VIII.** Конкурсот трае 15 работни денови и се објавува на програмите на МРТ и на интернет-страницата на МРТ и во најмалку два дневни весника во Република Северна Македонија од кои еден на македонски јазик и еден на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат јазик различен од македонскиот.

Пријавата и програмата за работа се доставуваат во коверти со назнака: „За конкурс за Директор на МРТ“ односно „За конкурс за Заменик на Директорот на МРТ“.
На следнава адреса:
Македонска радио телевизија
Булевар “Гоце Делчев” бр.18 Скопје

За дополнителни информации, заинтересираните кандидати можат да се јават на телефонскиот број: 070/444-970